ИП1 Бр. 29-266
Дата: 16.03.2026
Гевгелија

Државниот Инспекторат за животна средина преку Вера Љатева , со службена легитимација бр. 06 0016 ,донесе Решение врз основа на член 68став2 од Закон за инспекциски надзор(СлВесник бр 135/2025и269/2025) и член 200 став 2 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.М.бр 53/05 ....03/2025и124/25), над работењето на **ДПТ Дојран стил с.Николиќ Дојран** со седиште на с.Николиќ Дојран со ЕМБС : 6069657 ЕДБ: 4006006119266 застапувано Димитриос Панопулос-Управител , а во врска со фактичка состојба утврдена со Записник за извршен инспекциски надзор број ИП1 29-266 од 10.03.2026год го донесе следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДПТ Дојран СТИЛ Николич Дојран, да ги спроведе следните мерки утврдени со записник за констатација ИП1 бр. 29-266 од 10.03.2026 и тоа:

1. Да постави маслофакач за третман на атмосферските води и нивна реупотреба за технички намени (Табела 9.1.2 од Програма за подобрување-АИЕД)
Рок: 60 (Шеесет дена ) од приемот на решението;
2. Да се одстранат отпадните метални делови и и опрема кој имат употребна вредност од земјаната површина и истите с постават на бетонска непропусна површина(Табела 9.1.10 од Програма за подобрување-АИЕД)
Рок: 90 (деведест дена ) од приемот на решението,
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1и 2 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено/или по електронска пошта v.ljateva@sei.gov.mk да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
4.Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Направен е Редовен инспекциски надзор во Дојран СТИЛ Николиќ Дојран согласно месечен план март 2026 а во врска со постапување со АИЕД.При што се констатира во моментот работат сите погони во инсталацијата .Во периодот до денот на контролата имат предадено валавничка коварина и отпаден метал од производство.При контролата се утврди дека на дел предвиден за метален отпад имат количина на опрема од поранешно производство.Во програмата за подобрување на Животната средина им е предвидено истата да се предаде на овластен постапувач,во моментот се складирани на локација-земјана површина на Дојран СТИЛ им предвидено

да се поставаат на бетонирана површини.Обезбеден е филтерот –маслофакач за третман атмосверските води инод технички причини во моментот не поставен.Отпадните води од пречистителната дел се превзема од ЈКП Полин Дојран..Во зависност од производот прочистената вода од пречистителната станица е врзана со систем и се врака назад во процесот на производство за ладење.Предвидено е и да се корист за наводнување на зелените површини и побарано е мислење од Секор води при МЖСПП.Доставено е Барање до АИСКЗ на ден 03-24/1од 29.01.2026година за да може се користи за наводнување водата прочистени како би имале заштеда на вода.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 26 од Законот за животната средина, а во врска со член 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина и член 68 став2 од Законот за инспекциски надзор во животната средина се донесе Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не се постапи по решението, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка, согласно член 200 став 4 од Законот за животната средина Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25 и124/25)

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против инспекцискиот акт од член 68 ставови (1) и (2) од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.За жалбата се плаќа административна . За жалабата се плаќа административна такса 250,00 денари, на жиро сметка 100-0000000630-95, 840-115-03128, приходна шифра 722315 и програма 00.

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Вера Љатева

Доставено
-архива
-Дојранстил с.Николоч